РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

17-51/2
22.06.17

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
СКОПЈЕ

| Примено: | 14.07.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 109 | 1 | |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 3. седница одржана на 29.05.2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија" прв циклус студии на Факултет за електротехника и информациски технологии, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија" прв циклус студии на Факултет за електротехника и информациски технологии, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран инженер по електротехника и информациски технологии, од областа на електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија** Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки, научно - истражувачко поле: 202, 203, научно - истражувачка област: Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за електротехника и информациски технологии, прв циклус студиска програма „Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија", на 10.02.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 3. седница одржана на 29.05.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Goran Rosoklija

Проф. д-р Горазд Рособлија